Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Двесте и дваесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јануари 2024 година

Скопје, јануари 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и дваесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јануари 2024 година**

Седницата започна во 16:10 часот.

На седницата претседаваше м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции (ВКВ) и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2024 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, со Предлог-одлука

2. Програма за работа за 2024 година, Финансиски план за 2024 година и Инвестициона програма за 2024 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, со Предлог – одлука

3. Годишна инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2024 година, со Програма за работа за 2024 година и Финансиски план за 2024 година

4. Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2024 година, со Предлог-одлука

5. Годишна инвестициона програма за 2024 година, Финансиски план за 2024 година и Програма за работа и развој за 2024 година, на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје

6. Годишна инвестициона програма за 2024 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог – одлука

7. Програма за работа за 2024 година, Финансиски план за 2024 година и Годишна инвестициона програма за 2024 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје, со дополнувања и Предлог-одлука

8. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа и развој на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2024 година, со дополнување и Предлог-одлука

9. Програма за давање на услуги на воздухопловна навигација, Годишен финансиски план и Инвестициона програма за 2024 година, на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог-одлуки

10. Информација за Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2024 година, со Предлог-одлука

11. Информација за донесување на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2024 година, со Предлог-програма

12. Предлог-програма за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2024 година

13. Информација за Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2024 година, со Предлог-програма

14. Предлог-програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2024 година

15. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2024 година, со Предлог-одлука

16. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2024 година, со Предлог-одлука

17. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2024 година, со Предлог - одлука

18. Програма за работа за 2024 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, со Финансиски план, Предлог – одлука и Предлог - програма

19. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2024 година, со Предлог-одлука

20. Информација за Годишната програма за Националната инфраструктура на просторните податоци (НИПП) за 2024 година, со Предлог-програма

21. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2024 година, со Предлог-одлука

22. Предлог-програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година

23. Предлог-програма за развој на спорт и млади за 2024 година

24. Предлог-програма за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за 2024 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

25. Предлог-програма за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2024 година

26. Програмата за работа, Инвестициона програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2024 година и Финансискиот план, со Предлог – одлука

27. Информација за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2024 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

28. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2024 година и Програма за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2024 година, со Предлог-одлука

29. Предлог-програма за основни геолошки истражувања за 2024 година

30. Годишна инвестициона програма, Финансиски план и Програма за работа за 2024 година на ЈПВ Лисиче-Велес, со Предлог–одлука

31. Предлог-програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2024 година

32. Предлог-програма за финансирање на патна инфраструктура за проектот - Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година

33. Инвестициона програма за 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, со Предлог – одлука

34. Предлог-програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2024 година

35. Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2024 година

36. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година

37. Предлог-програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година

38. Предлог-програма за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година

39. Предлог-програма за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година

40. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2024 година

41. Предлог-програма за заштита на природата за 2024 година

42. Предлог годишна програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2024 година

43. Предлог-програма за управување со водите за 2024 година

44. Предлог годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2024 година

45. Предлог-програма за колекторски систем Охрид и Струга за 2024 година

46. Предлог-програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2024 година

47. Предлог годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година

48. Предлог годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2024 година

49. Предлог-програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година

50. Предлог-програма за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2024 година

51. Предлог-програма за проширена репродукција на шумите за 2024 година

52. Предлог-програма за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година

53. Предлог-програма за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2024 година

54. Предлог-програма за семе и саден материјал во 2024 година

55. Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година

56. Предлог-програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2024 година

57. Предлог-програма за фитосанитарна политика во 2024 година

58. Предлог-програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2024 година

59. Предлог-програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година

60. Предлог-програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година

61. Предлог-програма за водостопанство за 2024 година

62. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2024 година

63. Предлог-програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година

64. Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година.

65. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година

66. Предлог национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2024 година

67. Предлог-програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2024 година

68. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2024 година

69. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2024 година

70. Предлог-програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2024 година

71. Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2024 година

72. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2024 година

73. Предлог-програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2024 година

74. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година

75. Предлог-програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година

76. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2024 година

77. Предлог-програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година

78. Предлог-програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2024 година

79. Предлог-програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2024 година

80. Предлог-програма за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2024 година

81. Предлог-програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2024 година

82. Предлог-програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2024 година

83. Предлог-програма „Здравје за сите" за 2024 година

84. Предлог-програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2024 година

85. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година

86. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година

87. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2024 година.

88. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година

89. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 година

90. Годишна програма на работа на Министерството за култура за 2024 година

91. Информација за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година, со Предлог-одлука

92. Прашања и предлози

93. Годишна програма со Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2024 година

94. Годишна програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година

95. Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година

96. Инвестициона програма, Финансиски план, Програма за работа и План за производство на електрична енергија за 2024 година на АД ТЕЦ Неготино - Неготино за 2024 година

97. Финансиски план на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2024 година

98. Програма за работа за 2024 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" – Скопје во државна сопственост (МИА)

99. Инвестициона програма за 2024 година на АД „Медиумска информативна агенција" – Скопје, во државна сопственост

100. Финансиски план за 2024 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" – Скопје, во државна сопственост

101. Информација во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, бр.02-7719/6-1 од 28.12.2023 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

102. Финансиски план на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2024 година

103. Информација за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје за 2024 година

104. Годишен план за работа на Инспекциски совет за 2024 година

105. Годишна програма за работата и Финансиски план на Управата за финансиско разузнавање за 2024 година

106. Финансиски план за 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје

107. Програма за работа на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2024 година

108. Финансиски план, Годишна инвестициска програма и План за производство на електрична енергија, на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, за 2024 година

109. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2024 година

110. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2024 година

111. Предлог-програма за дополнување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2024 година

112. Годишна програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри, со Предлог-одлука

113. План за Годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година

114. Предлог-програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година

115. Предлог-уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година

116. Предлог-програма за поддршка на домашен туризам

117. Предлог-програма за рекултивација на деградирани простори

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2024 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола, со Предлог-одлука, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2024 година.

2. Ги разгледа Финансискиот план и Програмата за работа за 2024 година на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, како материјали за информирање.

**Точка 2**

Владата по Програмата за работа за 2024 година, Финансискиот план за 2024 година и Инвестиционата програма за 2024 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, со Предлог – одлука, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за 2024 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2024 година и Финансискиот план на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за 2024 година, како материјали за информирање.

**Точка 3**

Владата по Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2024 година, со Програма за работа за 2024 година и Финансиски план за 2024 година, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2024 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа за 2024 година и Финансискиот план за 2024 година на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип, како материјали за информирање.

**Точка 4**

Владата по Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2024 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2024 година.

**Точка 5**

Владата по Годишната инвестициона програма за 2024 година, Финансискиот план за 2024 година и Програмата за работа и развој за 2024 година, на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје.

2. Ги разгледа Финансискиот план за 2024 година и Програмата за работа и развој за 2024 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, како материјали за информирање.

**Точка 6**

Владата по Годишната инвестициона програма за 2024 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог – одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2024 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 7**

Владата по Програмата за работа за 2024 година, Финансиски план за 2024 година и Годишна инвестициона програма за 2024 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје, со дополнувања и Предлог-одлука заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје за 2024 година.

3. Ја разгледа Програмата за работа за 2024 година на Јавното претпријатие Агро – Берза Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2024 година, со дополнување и Предлог-одлука заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2024 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа и развој и Финансискиот план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјали за информирање.

**Точка 9**

Владата по Програмата за давање на услуги на воздухопловна навигација, Годишниот финансиски план и Инвестиционата програма за 2024 година, на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, со предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловна навигација за 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

3. Ја разгледа Инвестиционата програма за 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2024 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2024 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2024 година со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2024 година.

**Точка 12**

Владата ја донесе Програмата за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2024 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2024 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2024 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата по Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2024 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот за 2024 година.

**Точка 16**

Владата по Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2024 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2024 година.

**Точка 17**

Владата по Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2024 година, со Предлог – одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 18**

Владата по Програмата за работа за 2024 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, со Финансиски план, Предлог – одлука и Предлог - програма заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година.

2. Ја донесе Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2024 година.

**Точка 19**

Владата по Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2024 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2024 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишната програма за Националната инфраструктура на просторните податоци (НИПП) за 2024 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Годишната програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2024 година.

**Точка 21**

Владата по Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2024, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2024 година.

**Точка 22**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2024 година.

**Точка 23**

Владата ја донесе Програмата за развој на спорт и млади за 2024 година.

**Точка 24**

Владата ја донесе Програмата за распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за 2024 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2024 година.

**Точка 26**

Владата по Програмата за работа, Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2024 година и Финансискиот план, со Предлог – одлука, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2024 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа и Инвестиционата програма на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјали за информирање.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план  за 2024 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2024 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2024 година.

**Точка 28**

Владата ги разгледа Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2024 година и Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2024 година, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2024 година.

2. Ја разгледа Програмата за работа на Фондот за осигурување на депозити за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата ја донесе Програмата за основни геолошки истражувања за 2024 година.

**Точка 30**

Владата по Годишната инвестициона програма, Финансискиот план и Програмата за работа за 2024 година на ЈПВ Лисиче-Велес, со Предлог–одлука заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2024 година на ЈПВ Лисиче-Велес.

2. Ги разгледа Годишната програма за работа и Финансискиот план за 2024 година на ЈПВ Лисиче-Велес, како материјали за информирање.

**Точка 31**

Владата ја донесе Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2024 година.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Предлог–програмата за финансирање на патна инфраструктура за проектот - Коридор 8 и Коридор 10Д за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 33**

Владата по Инвестиционата програма за 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, со Предлог - одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем – Скопје.

**Точка 34**

Владата ја донесе Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средните претпријатија за 2024 година.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2024 година.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година.

**Точка 39**

Владата ја донесе Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Предлог - програмата за заштита на природата за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Предлог годишната програма за финансирање на управувањето со посебни текови на отпад за 2024 година и ја донесе Годишната програма, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за управување со водите за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 44**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 45**

Владата ја донесе Програмата за колекторски систем Охрид и Струга за 2024 година.

**Точка 46**

Владата ја донесе Програмата за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2024 година.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Предлог годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година и ја донесе Годишната програма, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Предлог годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2024 година и ја донесе Годишната програма, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 49**

Владата ја донесе Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година.

**Точка 50**

Владата ја донесе Програмата за развој и унапредување на ловството во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 51**

Владата ја донесе Програмата за проширена репродукција на шумите за 2024 година.

**Точка 52**

Владата ја донесе Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година.

**Точка 53**

Владата ја донесе Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2024 година.

**Точка 54**

Владата ја донесе Програмата за семе и саден материјал во 2024 година.

**Точка 55**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година.

**Точка 56**

Владата ја донесе Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2024 година.

**Точка 57**

Владата ја донесе Програмата за фитосанитарна политика во 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 58**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2024 година.

**Точка 59**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година (усогласена со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство).

**Точка 60**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 61**

Владата ја донесе Програмата за водостопанство за 2024 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Програмата за рамномерен регионален развој за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии).

**Точка 63**

Владата ја донесе Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година.

**Точка 64**

Владата ја донесе Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 65**

Владата ја донесе Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2024 година.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Предлог националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2024 година и ја донесе Националната годишна програма, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 67**

Владата ја донесе Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2024 година.

**Точка 68**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 69**

Владата ја донесе Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 70**

Владата ја донесе Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 71**

Владата ја донесе Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 72**

Владата ја донесе Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2024 година.

**Точка 73**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2024 година.

**Точка 74**

Владата ја донесе Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 75**

Владата ја донесе Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 76**

Владата ја донесе Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 77**

Владата ја донесе Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 78**

Владата ја донесе Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 79**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 80**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 81**

Владата ја донесе Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 82**

Владата ја донесе Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 83**

Владата ја донесе Програмата „Здравје за сите“ за 2024 година.

**Точка 84**

Владата ја донесе Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 85**

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година.

**Точка 86**

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за научно-истражувачката дејност за 2024 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 88**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година.

**Точка 89**

Владата ја донесе Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 година.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Годишната програма на работа на Министерството за култура за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година.

**Точка 92**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Годишната програма со Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата ги разгледа Инвестиционата програма, Финансискиот план, Програмата за работа и Планот за производство на електрична енергија за 2024 година на АД ТЕЦ Неготино - Неготино за 2024 година, како материјали за информирање.

**Точка 97**

Владата го разгледа Финансискиот план на АД Аеродроми на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Програмата за работа за 2024 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" – Скопје во државна сопственост (МИА), како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Инвестиционата програма за 2024 година на АД „Медиумска информативна агенција" – Скопје, во државна сопственост (усогласена со Министерството за финансии), како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата го разгледа Финансискиот план за 2024 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" – Скопје, во државна сопственост (усогласен со Министерството за финансии), како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, бр. 02-7719/6-1 од 28.12.2023 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 104**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Инспекциски совет за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата ги разгледа Годишната програма за работата и Финансискиот план на Управата за финансиско разузнавање за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата го разгледа Финансискиот план за 2024 година на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата ги разгледа Финансискиот план, Годишната инвестициска програма и План за производство на електрична енергија, на Акционерско друштво за производство

на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата ја донесе Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 110**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 111**

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 112**

Владата по Годишната програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2024 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 113**

Владата го разгледа Планот за Годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Предлог – програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за поддршка на домашен туризам и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за рекултивација на деградирани простори и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во16:30 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Бојан Маричиќ**